Градење на локални капацитети
за креирање на младински политики

# ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА СОСТОЈБАТА НА МЛАДИТЕ НА ЛОКАЛНО НИВО И ЕФЕКТИВНОСТА НА ДИЈАЛОГОТ ПОМЕЃУ ОПШТИНИТЕ И ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА

# Истражување за состојбата на младите на локално ниво и ефективноста на дијалогот помеѓу општините и граѓанските организации

Студија на случај во општините
Пробиштип, Старо Нагоричане и Чашка

Оваа публикација е подготвена со поддршка на Европската унија.
Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Фондација Евро Центар и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите на Европската унија.

Мај 2016

Проект
Градење на локални капацитети за креирање на младински политики
ИПА инструмент – Национална програма 2011: Помош при транзиција
и институционална надградба

Партнери
Фондација за Претприемачки сервис за млади
Фондација „Евро Центар“

Изработил
Агро Консалтинг плус,
Зрновци, Македонија

Стручна подготовка
Жаклина Голчева

Статистичка обработка и обликување на податоците
Дипл. инг. агр. Лидија Пљакова

Лице за поддршка од Општина Пробиштип
Ирена Бошкова

Лице за поддршка од Општина Старо Нагоричане
Саша Кузмановиќ

Лектура
Дејан Василевски

Печати
Ин Дизајн студио

Број на примероци
400

# Содржина


ИЗВРШНО РЕЗИМЕ 5
ЗА ПРОЕКТОТ 11
ПРИМЕНЕТА МЕТОДОЛОГИЈА 15
Вертикална и хоризонтална усогласеност 16
Специфична методологија 19
Методи на работа 21
СТУДИИ НА СЛУЧАЈ ВО ТРИТЕ ОПШТИНИ 23
Вовед 23
Резултати од студијата во општината Пробиштип 28
Резултати од студијата во општината Старо Нагоричане 32
Резултати од студијата во општината Чашка 34
АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ 39
ПРЕПОРАКИ И ПРЕДЛОГ-МЕРКИ 49
ПРИЛОГ 1 55
СВОТ-анализи во општините Пробиштип и Старо Нагоричане 55
Анкетен прашалник спроведен во општината Чашка 64
ПРИЛОГ 2 69
Профили на целните општини со статистички податоци 69
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 95
ЛИСТА НА КРАТЕНКИ 101

# Извршно резиме

# Извршно резиме

Република Македонија со години се бори со висока невработеност, невработеноста кај младите уште од осамостојувањето е над 50%, додека долгорочната невработеност (подолга од една година) е над 80%[1] . Дополнително, регионалната невработеност е особено висока во руралните средини. Моменталната состојба на пазарот на трудот и високиот процент на млади невработени води кон зголемено иселување на младите луѓе од руралните во урбаните средини во земјата и надвор.

[1] Macedonia:
Long-term unemployment, www.theglobaleconomy.com/Macedonia/Long_term_unemployment.

Невработеноста кај младите, заедно со нивната миграцијата од родните места, претставува бариера за социоекономско подобрување на заедниците. Затоа, потребно е да се направат напори за превенција на понатамошна миграција на младите во трите избрани општини, преку вложување на заеднички напори на граѓанските организации и на локалните власти за создавање на подобри услови за живот за младите луѓе.

Учеството во процесите на одлучување е највисок приоритет за младите во моментот. Потребно е воспоставување канали за заемна комуникација, младинско учество, искажување на нивните ставови и мислења, како и нивно прифаќање од страна на административните тела.

Под иницијатива на Агенцијата за млади и спорт изготвена е Националната стратегија за млади на РМ, што претставува највисок државен документ што постои во моментот, а се однесува на регулирање на младинските прашања.

Националната стратегија за вработување 2015, од друга страна, поставува амбициозни цели за зголемување на учеството на младите во процесите на одлучување преку стимулирање на младите да се вклучат проактивно, преку отстранување на бариерите за нивно учество и преку имплементирање канали за нивно вклучување во административните и во државните тела.

Проектот „Градење на локални капацитети за развој на младински политики", во чиишто рамки е спроведено ова истражување, има цел да ги вклучи младите во процесот на одлучување и поставување механизми за долгорочен развој и имплементација на локалните младински политики.

Главни целни групи кон кои е насочено истражувањето се младите луѓе, граѓанските организации и креаторите на младинските политики во состав на општините.

Истражувањето беше спроведено во општината Пробиштип, која се наоѓа во источниот плански регион, општината Чашка, која се наоѓа во вардарски плански регион, и општината Старо Нагоричане, која се наоѓа во североисточниот плански регион. Трите плански региони (источен, вардарски и североисточен) се избрани како целни региони на истражувањето поради специфичните проблеми во економскиот развој што ги имаат, како што се младинската невработеност, потребата на младите луѓе од руралните средини да воспостават соработка со локалната самоуправа и заеднички да се вклучат во донесувањето и во имплементација на локалните младински политики. Општината Пробиштип е мала урбана средина, каде што претежно живеат Македонци и Роми, општината Старо Нагоричане е единствена српска општина во земјата, каде што живеат Срби и многу мал број Роми, а општината Чашка е мултиетничка средина во која живеат Македонци, Албанци, Турци, Роми, Торбеши и Власи. Сите три општини имаат различна геополитичка и географска положба и различни природно-историски и културни услови.

Целта на ова истражување беше целосно да се разбере моменталната состојба на младите луѓе во трите општини, квалитетот на локалните услуги за младите луѓе, како и ефективноста на социјалниот дијалог помеѓу општините и граѓанските организации и дефинирање препораки и мерки со цел подобрување на социоекономската состојба во овие општини.

Истражувањето беше спроведено во периодот од 1 март до 30 април 2016 година и се вршеше преку спроведени прашалници и СВОТ-анализи. Вкупно 50 млади лица, 18 граѓански организации и шест претставници од општините учествуваа во ова истражување.

Анализата на податоците од истражувањето утврди дека во руралните средини најнапред е неопходна сериозна едукација за младинските права и на младинската политика, бидејќи главен проблем кај младите во рурал-

ните средини е непостоење свесност за иницирање на позитивни промени и активно учество, за да се придонесе за успешно младинско вклучување во процесите на донесување одлуки на локално ниво. Дел од граѓанските организации, пак, не се доволно информирани за можноста за соработка со општините и изразија недоверба за заедничко креирање на младински политики на локално ниво. Генерално, општините се расположени за соработка со граѓанските организации, а со дел од нив континуирано соработуваат и обезбедуваат поддршка за реализација на активности. Но, во нив не постои сектор посветен на младите, што би работел за решавање на проблемите на младите луѓе и би бил значаен во процесот на обезбедување на постојана комуникација со младите луѓе.

Резултатите од истражувањето се поделени според стратешките области дефинирани во Националната стратегија за млади на РМ:

- младинско учество,
- младинско информирање,
- локална младинска работа,
- образование,
- ``• вработување и поддршка пред вработување,
- култура,
- спорт,
- здравје,
- квалитет на живот.

# За проектот

# За проектот

Проектот „Градење на локални капацитети за креирање на младински политики“ има главна цел да ги вклучи младите во процесот на одлучување и поставување механизми за долгорочен развој и за имплементација на локалните младински политики. Проектот цели да ја зајакне соработката помеѓу граѓанските организации и креаторите на локалните политики со цел дефинирање мерки што

придонесуваат кон подобрена социоекономска положба на младите во државата. Активностите на проектот ќе се фокусираат на зголемено инволвирање на младите во процесите на донесување одлуки и воспоставување на долготрајни механизми за креирање и за имплементирање политики за млади на локално ниво.

Целни групи на проектот се: младински граѓански организации, млади луѓе и претставници од локалната самоуправна кои работат на креирање на младински политики.

Проектот е финансиран од Европската унија, се имплементира од партнерските организации, Фондацијата за Претприемачки сервис за млади и Фондацијата „Евро Центар“, а ќе трае вкупно 18 месеци (од ноември 2015 до мај 2017 година).

Активностите на проектот почнаа со утврдување на проблемите и на потребите што ја ограничуваат економската независност на младите од три општини (општините Пробиштип, Старо Нагоричане и Чашка) со цел поставување на појдовна точка од која граѓанските организации и креаторите на младинските политики ќе ги насочат заедничките напори кон дефинирање на соодветните политики што ќе бидат во согласност со приоритетите на Националната стратегија за млади. Ќе биде креирана и тренинг-програма со цел зајакнување на капацитетите на младинските граѓански организации и претставниците на локалната самоуправа за имплементација на локални политики. Од сетот мерки што ќе бидат дефинирани во рамките на локалните младинските политики, три општини ќе бидат директни корисници од пилотирањето на шест мерки што ќе бидат директно насочени кон подобрување на состојбата на младите кои живеат во нив. Мерките ќе бидат имплементирани од страна на граѓански организации што работат во овие општини и кои во иднина ќе бидат фокусирани кон следење и подобрување на имплементацијата на локалната

стратегија за млади. Проектот предвидува и формирање на три заеднички форуми составени од претставници на општините, граѓански организации и млади луѓе кои преку подобрена соработка ќе бидат фокусирани кон дефинирање и следење на имплементацијата на локални мерки за поддршка на младите. Во состав на проектот ќе се одржат и три јавни дебати со цел да се промовираат мерките што ќе бидат пилотирани во општините.

# Применета методологија

# Применета методологија

## Општ пристап кон изработка на документот

Со процесот на децентрализација, одлуките донесени на локално ниво добиваат клучна улога во општината, бидејќи мерките што се преземаат на национално ниво секогаш не ги одразуваат во целост потребите на локалната заедница. Истиот случај е и со политиката за младите. Без да се потцени потребата за регионална соработка и развој, планирањето на

локално ниво, особено во мала средина како што се таргетираните општини, како предмет на студија на случај е од фундаментално значење за развојот на општините.

Методологијата на изработка на студијата се базира на:
- Вертикална усогласеност,
- Хоризонтална усогласеност.

# ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ПОСТАВЕНОСТ

**Вертикалната усогласеност** ја покажува усогласеноста на документот со хиерархиски повисоки стратешки документи изработени на регионално и национално ниво. Националната стратегија за млади на Република Македонија 2016-2025 се базира на меѓународните документи ратификувани од страна на Република Македонија што ги афирмираат прашањата поврзани со младите и таа е во согласност со другите стратешки документи од интерес, усвоени од страна на Владата на Република Македонија.

- Европската повелба за учество на младите во локалниот и во регионалниот живот;
- Кодексот на добри практики во учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики;
- Национална стратегија за развој на мали и средни претпријатија на Република Македонија (2002-2013);

- Стратешки план на Министерството за труд и социјална политика 2012-2014, 2011, Скопје;
- Национална стратегија за вработување на Република Македонија 2015, август 2011, Скопје;
- Стратегија за економски развој на Република Македонија 2008-2015, февруари 2008, Скопје;
- Национална стратегија за развој на туризмот на Република Македонија 2009-2013 и нејзината ревидирана стратегија со акциски план 2011-2015;
- Национална стратегија за рурален туризам 2012-2017;
- Стратешки план на Министерството за труд и социјална политика 2012-2014, 2011, Скопје;
- Национална стратегија за вработување на Република Македонија 2015, август 2011, Скопје;
- Национален акционен план за вработување на Република Македонија 2011-2013, август 2011, Скопје;
- Оперативен план за активните програми и мерки за вработување за 2012-2013, декември 2011, Скопје;
- Национална програма за усвојување на правото на ЕУ, април 2007, Скопје;
- Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020;
- Стратегија за демографски развој на Република Македонија 2008-2015, февруари 2008, Скопје;
- Програма за развој на источниот плански регион, 2015-2019;
- Стратегија за промовирање и развој на волонтерството 2010-2015 и план за спроведување (акциски план), септември 2012, Скопје;
- Стратешки план на Министерството за образование и наука 2012-2014, март 2012, Скопје;
- Националната стратегија за развој на образованието 2005-2015, Скопје;

- Национална програма за развој на образованието 2005-2015 со придружни програмски документи;
- Програма за развој на предучилишното образование;
- Програма за развој на средното и на постсредното образование;
- Програма за развој на високото образование;
- Програма за развој на ИКТ во образованието;
- Програма за професионален развој на училишниот кадар;
- Програма за развој на институционалната поддршка на реформите во образованието;
- Програма за обезбедување и контрола на квалитетот во образованието;
- Европско јазично портфолио;
- Студијата за сиромаштија и социјална исклученост во Република Македонија – локални социјални проблеми и потреби, Институт за човекови права „Лудвиг Болцман“ БИМ – ФВ Скопје.

Под **хоризонтална усогласеност** се подразбира усогласеност со стратешки документи на локално ниво:

- Студија „Женско претприемништво за одржлив економски развој – WE SEE“ со компаративна анализа и препораки, финансирана од ЕУ преку програмата ИПА за прекугранична соработка помеѓу Бугарија и Македонија CCI number 1007CB16 IPO007;
- Стратегија за поддршка на младинското претприемништво „Заеднички за нас“, Публикација финансирана од ЕУ преку проектот „Мрежа за поддршка на млади претприемачи“.

Овде е неопходно да ги споменеме и партиципативниот пристап со работа со фокус-групи и пристапот оддолу нагоре, што во услови на непостоење на истражување за случувањата на пазарот на труд на локално ниво во целните општини придонесоа кон многу важна карактеристика на овој документ, а тоа е обид за увид во реалната состојба во општините.

**Партиципативниот пристап** овозможи учество на сите чинители во заедницата – младите, младинските организации, јавната администрација во општините, вработените во јавните институции и бизнис-секторот, што со заеднички напори и соработка придонесоа за надминување на затвореноста и недовербата кон вакви истражувања, условени од затвореноста во традицијата и конзервативните гледишта. На овој начин, овој документ ќе има практична примена и од него има можност да произлезат нови конкретни и успешни проекти и иницијативи што ќе се реализираат на локално ниво.

**Систем оддолу нагоре** (bottom up approach) овозможи реално детектирање на целата состојба кај младите и препознавање на примарните потреби на целата заедница. Во периодот март-април 2016 година беа одржани работилници за дефинирање на СВОТ-анализи во општините Пробиштип и Старо Нагоричане, додека во општината Чашка беше спроведена анкета.

# СПЕЦИФИЧНА МЕТОДОЛОГИЈА

## Начини на доаѓање на податоците

При изработка на студијата, до потребните податоци се дојде на четири начини:

1. Анализа на содржина на податоците од Државниот завод за статистика на Република Македонија.

2. Преку дефинирање СВОТ-анализи за состојбата на младите во целните општини.
3. Со увид во т.н. „Административни податоци“
Административните податоци ги добивме преку увид во релевантни документи од надлежни институции во зависност за која тема се однесува и со нивна обработка, согласно потребните податоци.
4. Преку колекција на „Секундарни податоци“
Во оваа категорија ги вброивме неформалните разговори со младите, граѓаните од општините, вработените во локалната власт итн. Овие податоци не можат да се сметаат за официјални, но се земени како фактор во препораките на овој документ.

## Анализа на собраните податоци

Анализата на собраните податоци се спроведе преку структурирање, обработка и систематизирање. Ова доведе до поделба на податоците во две категории:

- Квантитативни податоци – податоци што содржат нумерички броеви и се споредливи. Овде спаѓаат информациите од Државниот завод за статистика;
- Квалитативни податоци – податоци што ја дефинираат општата состојба во општините, почнувајќи од граѓаните кои учествувале во фокус-групите, од надлежните институции, граѓанскиот сектор. Овие податоци главно се резултат на административните и на секундарните податоци.

## Идентификација

Овој чекор зависи од претходниот и значи дека во оваа фаза се донесуваат заклучоци како резултат на анализираните податоци што водат до наредната фаза, а тоа е дефинирање препораки.

## Дефинирање препораки

Дефинирањето на препораките е крајниот чекор во изработка на овој документ и подразбира предлагање активности за остварување на поставените цели на истражувањето.

# МЕТОДИ НА РАБОТА

За изработка на студијата беа употребени следните методи, алатки и техники:

- Статистички метод;
- Партиципативен метод;
- Аналитичко-синтетички метод;
- СВОТ-анализа;
- Компаративна анализа;
- Социјална анализа.

Оваа студија има цел среднорочно да ги даде генералните насоки по кои младите треба да се движат кон остварување на поставените цели и дадените препораки. СВОТ-анализите во општините Пробиштип и Старо Нагоричане беа спроведени посебно за секоја од главните целни групи – млади, граѓански организации и општински претставници. И резултатите од СВОТ-анализата се на истиот начин сублимирани, посебно за секоја целна група.

# Студии на случај во трите општини

# Студии на случај во трите општини

## Вовед

Со цел добивање на јасна слика за состојбата во трите целни општини, беа спроведени СВОТ-анализи и анкетни прашалници до целните групи – младите, граѓанските организации и претставници на локалната самоуправа.

Според списокот усвоен од Владата на РМ, сите три општини се рурални со тоа што општина Пробиштип има два рурални центра: Пробиштип и Злетово,

иако по изглед и структурата на градот Пробиштип личи на урбан центар. Но, според местоположбата и според други параметри одредени од соодветни институции, карактеризирана е како рурална населба, што во овој момент е добро сè додека трае трендот на можноста на користење на националните финансиски средства за поддршка на развој на руралните средини на Агенцијата ИПАРД. Општините Старо Нагоричане и Чашка се типични рурални населби.

Со финансиската помош во земјоделството, дел од младите се задоволни од животот во руралните средини и остануваат да живеат во своите села – родени се во земјоделски семејства, земјоделството е она што им е познато од мали нозе и знаат да го работат, а можностите како националната финансиска поддршка од програмата за рурален развој преку Агенцијата ИПАРД, на некој начин, дополнително ги мотивира.

Потребно е да се истакне дека младите од околните села од центрите на општините не го препознаваат терминот „младински политики", поголем дел од нив не слушнале за Националната стратегија за млади, ниту, пак, за Совет на млади во нивните општини. Тие не се свесни дека преку организирана форма можат да придонесат за градење политики за млади што можат да влијаат врз подобрување на нивниот живот. Младите немаат желба да учествуваат во Советот на млади или, пак, да бидат дел од градење на локалните политики за млади, а само неколку лица од Злетово изразија интерес за поактивно вклучување доколку состојбата се промени и младите покажат поголеми иницијативи, а локалните самоуправи покажат поголема желба за соработка.

Совет на млади е формиран само во општина Пробиштип, но бидејќи нема услови за работа како опремена канцеларија и други потребни услови за работа, Советот досега нема иницирано никаква заедничка активност со општината. Во општините Старо Нагоричане и Чашка, пак, не постои Совет на млади при општините.

Од друга страна, младите луѓе и граѓанските организации во општините Пробиштип и Старо Нагоричане покажаа висока свест во однос на потребата од квалитетно образование, поврзувајќи го со потребата од редовна информираност и познавање на правата на младите и на младинските политики. Но, исто така тие истакнаа дека актуелното школство со постојната програма не нуди доволно знаење, младите се присилени да учат многу непотребни работи на сметка на она што ќе им биде потребно како идни професионалци, а исто така ја истакнаа и потребата од практика. Пробиштип, на пример, има квалитетни млади луѓе, но заради недостиг на можности за напредок тие го напуштаат градот. Младите сметаа дека уште од најмали години децата треба на начин соодветен за нивната возраст да се запознаваат со состојбите во општеството, затоа и градинките беа споменувани при анализата, како и нивната добра и квалитетна опременост и програма. И во општина Чашка основното образование е добро етаблирано, со потребните материјали на располагање на учениците, соодветна методологија и практика.

Средни училишта има само во општина Пробиштип. Ова е голем хендикеп за општините Чашка и Старо Нагоричане, бидејќи во огромна мера тоа влијае врз иднината на младите – дел од нив заминуваат во блиските градови низ земјата за да завршат средно училиште и не се враќаат, дел од нив продолжуваат да работат во семејниот бизнис, што е најчесто земјоделство или трговија на мало – колонијал, а дел од нив заминуваат надвор од земјата и многу ретко се враќаат во општините.

Заради растурениот тип на села во општината Старо Нагоричане и тешката достапност до училиштата за децата, во општината постои и функционира единствениот интернат за деца во земјава, од основно образование со целодневен престој. Децата живеат во интернатот во текот на работната недела, а преку викенд заминуваат дома.

Интересно е да се наспомене дека во општината Пробиштип постојат генерации на квалитетни спортисти и младите од општината Пробиштип со задоволство зборуваа за спортот и за спортските активности. Во градот постои традиција на добри фудбалери, кошаркари, одбојкари и каратисти, но неколку сериозни пречки не дозволуваат целосен развој на овие талентирани деца, како што се несоодветната спортска инфраструктура, сали и опрема, што резултира со заминување на овие млади таленти во клубовите во поголемите градови, кои ги препознаваат и ги преземаат. Анализата покажа и дека младите не веруваат дека можат нешто од наведените потреби да исполнат и да променат преку Советот на млади при општината.

Здравствените услови, што се неопходни за живот на една заедница, освен во општината Пробиштип, се целосно незадоволителни – целата територија на општините не е покриена со здравствени установи, а оние што работат, работат само одредено време, а исто така нема ни дежурни служби. Здравствената култура во однос на активности за превентивно здравје меѓу младите во руралните средини е на многу ниско ниво, како и планирање семејство, заштита од болести.

Инфраструктурата – електричната, комуналната и патната, во најголем дел, се решени во општината Пробиштип. Електричната инсталација во општината Старо Нагоричане е стара, ниско поставена и често предизвикува прекин на струја или усмртување на стока. Слична е и состојбата во општината Чашка.

Спортските и културните манифестации и настаните во голем број се застапени во сите три целни општини, што е основа за развој на туризмот и за привлекување туристи. Младите веруваат дека туризмот е голема можност за развој на економијата и отворање на нови работни места, но истовремено тие загрижено споделија дека не постојат основни услови и основна инфраструктура за развој на туризмот во овој момент.

Младите не знаат на кој начин можат да се подобрат условите во општините и за развој на туризмот, не познаваат други алтернативни извори на финансии, а не веруваат ниту дека преку Советот на млади би можеле да променат нешто.

Во општините постојат неколку поголеми индустриски објекти што нудат можности за вработување на младите, но тоа се фабрики, каде што работата не е едноставна и поголемиот дел од младите избегнуваат такви вработувања.

Во контекст на образованието, во општините во основните училишта со новите програми недостигаат нагледни средства, бидејќи програмата е ориентирана кон практиката, а исто така недостигаат соодветни сензорни соби за дневен престој на лицата со посебни потреби. Особено лицата со посебни потреби е неопходно да бидат целосно вклучени во животот на заедниците до степен да можат сами да се грижат за себе и сами да заработуваат.

Сето ова, заедно со другите фактори, влијае врз одлуката на младите да ги напуштат родните места и да заминат да живеат во други места.
Затоа, со цел да се задржат младите да живеат во рурални средини, мораат да се подобрат инфраструктурните проблеми, потребни се нови вработувања, а особено внимание треба да се насочи кон подобрување на социјалниот живот на младите, кои во општините Старо Нагоричане и Чашка немаат ниту едно кафуле или соодветни места за културно-социјален живот каде што би можеле да се дружат.

# РЕЗУЛТАТИ ОД СТУДИЈАТА ВО ОПШТИНАТА ПРОБИШТИП

## Млади луѓе

Младите во општината Пробиштип имаат основни и средни училишта, во основните училишта има на располагање спортски сали, а во текот на годината се организираат голем број настани и спортски активности, каде што можат да земат активно учество. Во општината постојат и висококвалификувани стручни кадри кои работат во разни области со млади.

За разлика од општините Старо Нагоричане и Чашка, каде што не постојат многу можности за забава на младите: во општината Пробиштип функционираат повеќе мотели, хотели, кафе-барови, ресторани, дискотеки и аква-парк.

Младите, од друга страна, не се доволно информирани за нивните права, па иако постојат редовно организирани форуми на млади и постои Совет на млади, тие не земаат активно учество, бидејќи не се запознаени за придобивките што би можеле да ги имаат доколку се вклучат активно.

Дел од младите имале можност да учествуваат во форумите на заедниците организирани од УНДП и се запознаени со работата на овие форуми, но за жал тие не ја разбираат разликата помеѓу овие форуми и Советот на млади при Општината.

Младите покажаа заинтересираност за искористување на средствата што ги нуди државата преку грантовите за самовработување и истакнаа дека ги посетиле обуките организирани од истата програма. Голем дел од овие

млади луѓе веќе и почнале со работа со сопствени мали бизниси, надевајќи се дека ќе успеат во улогата на претприемачи.

Генералниот заклучок е дека потребно е многу да се влијае во однос на значењето на младинските политики, и тоа преку зголемување на свеста кај младата популација, преку училишниот систем и граѓаните, преку дополнителна и неформална едукација.

## Граѓански организации

Во општината Пробиштип постојат 12 активни граѓански организации од кои четири работат на полето на младите, но тие не се доволно информирани за можноста за соработка со општината и нивно учество во работата на Советот.

Овие организации се отворени за соработка и предлагаат да се отворат нови можности за комуникација и средби со општината, со цел овозможување простор каде што ќе можат да се споделуваат можности за заедничко учество на настани, за иницирање на нови можности и за потенцијала соработка на разни проекти.

Преку потенцијалната соработка, граѓанските организации очекуваат подобрување на состојбата и отворање на нови можности за вработување.

## Општина Пробиштип

Околу десет проценти од вработените во јавната администрација во општината Пробиштип се млади лица кои се расположени за соработка со граѓанскиот сектор од секоја област. За жал, и тие не се најдобро запознаени со функционирањето на граѓанските организации што функцио-

нираат на оваа територија, ниту, пак, знаат на кој начин можат да оствaруваат соработка со граѓанските организации во областа на градење на младински политики.

Во Општина Пробиштип работат и две млади лица, кои можат и отворени се со своето искуство во општината да работат со младите од Советот на младите и да им го пренесат своето искуство.

Дополнително, неопходно е да се истакне дека градоначалникот и Советот на општината даваат поддршка на сите проекти поврзани со младите и по потреба учествуваат во реализација на одредени активности, но овие активности не се поврзани со младинските политики. Во општината не постои одделение, сектор или лице кое е задолжено за работа со младите, па ова е поле на кое се смета дека може да се работи.

Од друга страна, постои недоволно познавање на дел од јавната администрација на усогласеноста на европската со националната легислатива и нивна примена во областа на младинската политика, што го отежнува целиот процес. Доколку постои лице задолжено за работа со младите, би можело да се постигнат подобри резултати и напредок на социоекономската состојба преку директно одговарање на потребите на младите во општината.

Од страна на општината досега не се спроведени посебни активности за организирано дополнително образование – освен преку донатори и презентирање алатки на владата за самовработување и изработка на бизнис-план, ниту, пак, постоеле информативни сесии за политиките наменети за младите луѓе.

Советот на млади во Општина Пробиштип е формиран преку објавување на Јавен повик, на кој младите се пријавиле по своја желба. Но, по него-

вото формирање Советот на млади постои само како про форма – тој не поседува опремен простор каде што младите би ги спроведувале своите активности, тие не почнуваат иницијативи, а нема ни активности поврзани со младинската политика.

Дури и меѓу лицата кои се дел од Советот, постои големо непознавање за можностите и за правата што ги имаат. Меѓу сите нив владее летаргија и не постои желба за почнување иницијатива за каква било активност.

Во контекст на можностите што се на располагање, во општината има потенцијал за искористување на туристичките ресурси, отворање на информативни туристички центар и сместувачки капацитети. Постојат можности за промоција на тениски клубови преку изградба на нови тениски терени, за развој на зимски спортови на Пониква, за отворање на нови едукативни центри како превентива за задржување на младите во општината. Дополнително постојат можности за развој на рурален туризам, како и користење на домашни, меѓународни и европски фондови за развој на руралниот туризам, можности за промоција и воспоставување етно-саем во општината, како и можности за развој на параглајдерство и алтернативен туризам.

Според дефинираните закани наведени во СВОТ-анализата, малите општини не се конкурентни на големите урбани центри за задржување на младите. Општините стареат и покрај тоа што општината им нуди можности за работа и самовработување на младите.

# РЕЗУЛТАТИ ОД СТУДИЈАТА ВО ОПШТИНАТА СТАРО НАГОРИЧАНЕ

## Млади луѓе

Младите луѓе во оваа општина имаат на располагање основни училишта и библиотеки со голем број наслови. На годишно ниво се организираат голем број настани, како што се Малите олимписки игри и слични настани во кои тие имаат можност активно да бидат вклучени. Младите кои студираат можат да аплицираат за стипендии што ги доделува Општината на годишно ниво. Младите луѓе, исто така, кога имаат одредени барања присуствуваат на седниците на Советот на општината, а сепак ова во реалноста се случува особено ретко.

Од друга страна, голем дел од младите луѓе засекогаш се отселуваат во потрага по нова работа. Тие немаат сали за спортување и физичко образование, па ова образование се спроведува со импровизирана настава. Дел од младите, поради недостиг на можности, работат во околните градови, како Куманово и Скопје. Исто така, во оваа општина нема соодветен забавен живот за младите луѓе, што би ги привлекло да останат во своите родни места. Во општината не постојат места за забава (на пример, ресторани, кафулиња, дискотеки), па единствено место за собир е општинскиот плоштад.
Според младите луѓе во општината, постои целосна несоодветна примена на стратегијата за млади на РМ во руралните подрачја.

## Граѓански организации

Во општината постојат две младински граѓански организации што се активни и добро функционираат. Тие соработуваат со општините при обез-

бедување поддршка за одредени проекти или реализација на одредени активности.

Од спроведената анализата се утврди дека граѓанските организации не ја познаваат проблематиката на младински политики, ниту, пак, ги познаваат можностите за соработка со општините, па дел од претставниците изразија недоверба за можноста за нивно вклучување како организации во делот на креирање на политиките за младите на локално ниво во Општината.

## Општина Старо Нагоричане

Спроведената анализа покажа дека, генерално, постои расположение и желба за соработка со младите и со граѓанските организации, од страна на општината, како и со градоначалникот. Општина Старо Нагоричане е секогаш во тек со сите проекти и иницијативи што се спроведуваат на локално ниво и застанува зад овие настани како нивна поддршка. Оваа поддршка дејствува особено мотивирачки во очите на младите луѓе и оние што сакаат да дејствуваат локално и да спроведуваат некакви иницијативи и проекти што целат на поактивно вклучување на младите во општеството и отворање простор за нивно изразување и вклучување во социоекономскиот развој.

Од друга страна, во општината не постои одделение за работа со млади, ниту, пак, сектор или позиција што би се фокусирала на политиките за младите луѓе.

Општината располага со конкретни идеи за вработување на младите, како што се можности за искористување на интернатот во летниот период како камп за сместување туристи, можности за користење на домашни, меѓународни и европски фондови за социјална инклузија. Отворени се и мож-

ностите за грантови за самовработување на млади лица, можности за реновирање и изградба на училишта со домашна и со меѓународна помош. Постојат можности за отворање на здравствена станица со лабораторија, аптека, стоматолошка ординација и дежурна служба, со можност за 24-часовни здравствени услуги на располагање. Можности исто така постојат за отворање на информативен туристички центар, сместувачки капацитети, ресторани, кафе-барови и дискотеки.
На ниво на Општина Старо Нагоричане постојат и неколку партиски сојузи на млади формирани од партиите.
Според анализата, во општината Старо Нагоричане не постојат соодветни активни мерки за вработување во руралните средини. Исто така, не постои национална стратегија за дополнително образование на млади, што оневозможува квалификација и преквалификација на младите лица од руралните средини, што резултира со иселување на поголемиот дел на младите од општината.

## РЕЗУЛТАТИ ОД СТУДИЈАТА ВО ОПШТИНАТА ЧАШКА

Додека во општините Пробиштип и Старо Нагоричане беа реализирани СВОТ-анализи, во општината Чашка, во консултација со вработените од ЛЕР, се дојде до заклучок дека најефективни резултати за потребите на студијата ќе добиеме преку спроведување анкета. Оваа одлука беше донесена од повеќе причини: Општина Чашка е општина каде што преовладуваат планини, населените места се од растурен тип и многу е тешко да се дојде до нив, а уште потешко да се соберат претставници од 39 такви села; општината е мултиетничка. Населението од муслиманска припадност живее многу традиционално и конзервативно, што значи дека децата

од машкиот пол имаат предност во сè. Додека децата од женски пол се строго чувани дома, за да можат да ја задржат чесноста и да се омажат. Не се ретки случаите кога девојчињата да не смеат да одат на училиште во моментот кога ќе влезат во пубертет (седмо, осмо одделение), за да не бидат во допир со машки лица и да потпаднат под искушение.
Од друга страна, доколку се отиде кај нив дома за да се поразговара за проблемите што ги имаат, тие сакаат да ги пречекаат гостите како добри домаќини и тогаш е многу полесно да се спроведе анкетата. Анкетарите детално им ја објаснија целта на прашањата и на овој начин спроведувањето на анкетата беше успешно.

## Млади луѓе

Спроведената анкета покажа дека младите од општината не учествуваат во процесите на донесување одлуки во општината, а поголем дел од нив не се ни запознаени за начинот на креирање на младинските политики на локално ниво, ниту, пак, се свесни дека можат активно да се вклучат во овој процес. Младите исто така веруваат дека многу ретко или речиси никогаш не се вклучени во одлуките на локалната власт. Исто така, тие се изјаснија дека многу ретко се информирани за иницијативи за поддршка на младите во нивната општина и не се свесни што има досега направено Општината за младите луѓе.

На прашањето со што се најмалку запознаени и дали би сакале да учествуваат во одредени работилници на истите тематики, најголем број млади одговорија дека би сакале повеќе информации за темите како запознавање на младите и нивните права во заедницата, како и подобрување на културниот живот, а дел од младите би сакале да научат повеќе и за начините за почнување на сопствен бизнис.

Мнозинството од млади луѓе не ги познаваат граѓанските организации што

функционираат во општината, а мал број од нив познаваат само неколку организации.

Младите луѓе дадоа свои идеи за подобрување на соработката меѓу младите и локалната самоуправа, преку организирање на заеднички состаноци и работилници, средби со градоначалникот, редовна информираност за сите настани што се планирани, а се наменети за младите луѓе. Младите исто така посочија и дека би било добро да се формираат и нови младински граѓански организации, што ќе работат на нови иницијативи и ќе спроведуваат иновативни проекти, а со тоа ќе донесат и финансиска стабилност за организациите и придобивки за општината преку кое ќе овозможат подобрување на социоекономската состојба во општината и отворање на нови работни позиции за младите луѓе.

## Граѓански организации

Во општина Чашка постојат четири граѓански организации што работат со млади, но нивната информираност за можноста за соработка со Општината и учество во работата на Советот речиси и не постои. Кај членовите на граѓанските организации постои многу ниска свесност и незаинтересираност за можноста за градење и имплементација на младинските политики во соработка со Општината. Убедени се дека не можат и немаат моќ да сменат ништо, дека сите одлуки веќе однапред се донесени од политичките партии и не сакаат да губат време. Со нив работат, ги мотивираат и им помагаат младински организации од Велес.

Искуството на некои од граѓанските организации покажува дека тие реализираат проекти, ги канат младите од општината на обуки за млади, но младите не се заинтересирани да дојдат и да ги посетуваат, сметајќи дека тоа нема да има никакво значење во нивниот живот или дека ќе смени нешто.

Членовите на граѓанските организации не веруваат дека преку градење на младински политики и соработка со општината можат да придонесат кон подобрување на својата состојба, а тоа е вработувањето – единствено најголема заинтересираност постои за вработување.

Организациите дадоа и свои предлози за промените што тие сметаат дека треба да се случат во процесот на донесување одлуки за младинските политики да дадат конкретни резултати. Тие веруваат дека претставниците на локалната самоуправа треба да работат повеќе на терен со цел да ја согледаат состојбата на младите и како живеат тие. Исто така, сметаат дека е добро да се формира Совет на млади на Општина Чашка, што ќе се поврзе со Националниот совет на Македонија и да се креира Стратегија за млади на локално ниво. Организациите веруваат дека е потребна законска одредба за млади и младинска работа, како и организирање на редовни состаноци помеѓу Општината и организациите со цел да се разговара за потребите и за предизвиците со кои се соочуваат младите, како и наоѓање на соодветни решенија.

## Општина Чашка

Одделението за ЛЕР на Општина Чашка е исклучително активно: ги познаваат актуелните текови во земјата во однос на младите, проектите, националните финансиски поддршки, европските легислативи и фондови. Почнуваат многу иницијативи и аплицираат за грантови и фондови и имаат задоволителни резултати во областа на младите: реновирани училишта, обуки и тренинзи за млади на разни теми, отворен центар за лица со посебни потреби.
Општината е отворена за соработка за слични истражувања, како и за соработка со граѓанските организации и младите луѓе, но потребно е да се зголеми свесноста за придобивките што граѓаните би ги имале од поинтензивна заедничка комуникација и соработка.

# Анализа на резултатите

# Анализа на резултатите

Во истражувањето беа вклучени вкупно 50 млади луѓе, 18 граѓански организации и шест претставници од општините. Дел од анализата беше спроведена преку СВОТ-анализа, а во една општина се спроведе анкетен прашалник.

Искуството од истражувањето во општините покажа дека постои расположение и интерес за соработка, но во исто време има недоволно информирање за младинските политики на локално ниво и за механизмите за комуникација и соработка кај сите таргет-групи.

Генералните заклучоци беа дека **младите луѓе** не ја разбираат тематиката на младинските политики, ниту, пак, се информирани за нивните права, како и можностите за нивно вклучување во процесот на одлучување на локално ниво.

**Граѓанските организации**, пак, работат и имплементираат различни проекти, дел од нив се младинските организации. Поголем дел од организациите не се доволно информирани за можноста за соработка со општините и изразија недоверба за заедничко креирање на младинските политики на локално ниво. Од друга страна, дел од организациите работат и соработуваат со општините, обезбедуваат нивна поддршка во реализација на одредени активности.

**Општините,** генерално, се расположени за соработка со граѓанските организации, а со дел од нив континуирано соработуваат и обезбедуваат поддршка за реализација на активности. Но, во овие општини не постои сектор посветен на младите, што би работел за решавање на проблемите на младите луѓе и би бил значаен дел во обезбедување на постојана комуникација со младите луѓе. Заклучокот е дека потребно е да се зголеми свеста за придобивките што граѓаните и општините би ги имале од поинтензивна заедничка комуникација и соработка.

# КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА

## Вовед

Компаративна анализа претставува методологија на истражување, односно споредување на две или повеќе компаративни области со цел да се донесе некој нов заклучок и споредба помеѓу одредени региони, култури, а во нашиот случај општини. Компаративната анализата како и препораките дадени понатака се поделени според стратешките области дефинирани во Националната стратегија за млади на РМ.

# Наоди од компаративната анализа

Наодите од спроведената компаративна анализа помеѓу трите општини ги даде подолу наведените резултати.

На територија на Општина Пробиштип, според податоците од Заводот за статистика, живеат вкупно 16.193 жители, од кои мажи се 8.248 и жени се 7.945. Во Општина Старо Нагоричане живеат вкупно 4.840 жители од кои 2.569 се мажи и 2.271 се жени. Додека на територијата на Општина Чашка живеат вкупно 7.673 жители, од кои мажи се 4.017 и жени се 3.656.

Во Општина Пробиштип, најголем број жители има на возраст помеѓу 40 и 45 години, односно 1.400 лица. Во Општина Старо Нагоричане најмногубројни се лица на возраст од 65 до 69 години, односно 453 лица, што укажува на тоа дека општината евидентно старее, а младите масовно се иселуваат. Во Општина Чашка најмногубројни се новороденчињата, 791, од 0 до 4 години, но и етничкиот состав е поинаков: Македонци – 4.395, Албанци – 2.703, Турци – 391, Срби – 55, Бошњаци – 67 и други – 61.

Во однос на **писменоста**, во Општина Пробиштип 13.971 жители се писмени, а 601 се неписмени, од кои 7.322 мажи се писмени, а 113 мажи неписмени, додека 6.649 жени се писмени, а 496 неписмени. Во Општина Старо Нагоричане 3.780 жители се писмени, а 549 неписмени, од кои 2.188 мажи се писмени, а 120 мажи неписмени, додека 1.592 жени се писмени, а 429 неписмени. Додека за Општина Чашка имаме податок дека според школската подготовка на лица над 15 години, од вкупно 5.738, 2.583 се со некомплетно основно образование, што асоцира на тоа дека поголемиот дел на населението од руралните планински села се

одлучуваат да живеат од земјоделство во своите средини, отколку да се едуцираат.

Во однос на **вработеноста,** најголем број вработени (266) е на возраст од 25 до 55 години, што, според овие бројки, не се оправдани коментарите на младите за невработеноста, иако податоците не се конкретни и не се знае точниот број вработени од 25 до 30 години. За Општина Старо Нагоричане имаме податоци на невработени лица според степенот на школска подготвеност и најголем број невработени се со ниска школска спрема, 365 лица, а најмалку невработени – само едно лице со виша школска спрема. За Општина Чашка исто така постои информација за невработени лица според степенот на школска подготвеност и најголем број невработени се со ниска школска спрема, 427 мажи и 101 жена. Ваквата разлика упатува на традицијата што веќе беше спомената кај некои етнички групи, жената да седи дома и да биде домаќинка.

Она од кое може да се појде при анализата е дека во општините Старо Нагоричане и Чашка нема формирано совети на млади при општините, ниту, пак, постојат одделенија или лице кое би било назначено за работа со млади. По потреба, таа обврска ја презема одделението за Локален економски развој. Втора, исто така многу важна работа е недоволната, па дури и да не постои информираност за правата на младите и можноста за нивно учество во работата на општинските институции, преку организирана форма, како што е Советот на млади.

Што се однесува до **младинското учество** во работата на седниците на советите на општините, тоа може да се дефинира како нередовно и споредено во однос на тоа што понекогаш некој млад поединец изразува желба да присуствува на седниците на Советот, особено ако е засегнат од некој проблем што можеби Советот може да го реши или има советничко прашање. Но, ваквите учества се лични, неорганизирани и без за-

едничка цел и се однесуваат на сите граѓани на општината. За жал, во сите три општини дојдовме до заклучок дека постои недоволно познавање на дел од јавната администрација на усогласеноста на европската со националната легислатива и нивна примена, особено кога се работи за имплементација на европските фондови.

Што се однесува до **младинското информирање,** тоа речиси и да не постои во дефинирана и организирана форма – се мисли на она информирање наменето само за младите, за проблемите и состојбите поврзани со нив – на пример, да се печати младинско издание, да има посебно одвоен ростер во етерот за емисии за млади на телевизија и радио, на пример младинско радио итн. Ова би можело да биде еден од начините да се запознаваат младите со нивните права во заедницата, ширење партнерства меѓу младите и младинските граѓански организации, ширење информации за можности за студирање и едукација во странство со добивање стипендија, подобро запознавање со нивните идеи и проекти, реализација на заеднички проекти. Тоа би можело да се реализира доколку постои добра информираност, поврзаност со други младински организации и вмрежување. Исто така, младите во денешно време многу повеќе комуницираат преку социјалните мрежи, како што се „Фејсбук“ и „Твитер“, па таквата информираност младите од граѓанските организации можат да ја постигнат сами, не зависејќи од никого. Особено треба да се обрне внимание за потребате од зголемена информираност на лицата од етничко потекло од рурална средина со работата на локалната самоуправа и правата и должностите на младите.

**Локалната младинска работа,** особено на нивна иницијатива, не постои ниту во една општина, за која било област да се работи. Младите вработени во општината или во некоја од јавните институции или во образованието, учествуваат во акции како доброволна работа за придонес на заедницата, како што е Ден на дрвото или Ден на екологијата, но не по

нивна желба. Младите не го прават тоа доброволно, ниту, пак, знаат како да почнат друга, каква било иницијатива како доброволна, волонтерска работа за општината. Младинските организации што постојат не се доволно активни заради неинформираност, летаргичност и недостиг на иницијатива. А не постои ниту иницијатива во сите три целни општини за формирање на граѓански организации. Соработка на општината или на други институции и младите или младинските организации речиси и да не постои – најчесто е сведено на давање поддршка, ако понекогаш се аплицира за некој проект или некоја активност иницирана од донаторите во земјата.

Што се однесува до **образованието,** факт е дека целата програма се дефинира на национално ниво, а се имплементира во целата земја, вклучувајќи ги и целните општини. Она што го слушнавме во сите три општини беше речиси слично: во основните училишта, со новите програми недостигаат нагледни средства, бидејќи програмата е ориентирана кон практика. Исто така, недостигаат сензорни соби за дневен престој на лицата со посебни потреби, како и доволен број на специјализирани кадри кои би работеле со нив. Некои од децата со посебни потреби, особено во руралните средини, се препуштени сами на себе, заради презафатеноста на родителите, но и заради конзерватизмот што сè уште владее во таквите средини, а тоа е дека децата со посебни потреби се срам за семејството. На оваа тема треба да се работи многу, но најнапред на промена на свеста кај популацијата. За средните училишта и за факултетите програмата е преоптоварена со непотребна теорија, а потребна практика нема речиси воопшто или минимално е застапена.

**Вработувањето** како тема е најатрактивна во сите три целни општини. Младите го истакнаа задоволството од владината политика за реализација на проектот за самовработување. Во сите три целни општини постојат помали или поголеми индустриски капацитети што можат да

апсорбираат работна сила, но впечатокот е дека таквата работа е „тешка" па младите истакнаа дека не се заинтересирани за таква работа. Младите во руралните средини се занимаваат со земјоделство, но иако не им е лесно, тие се задоволни особено од владините мерки за финансиска поддршка на руралниот развој и од субвенциите. Последните години е актуелно заминување во странство на привремена работа со странски пасоши. Неколку месеци од годината младите работат во земјите на ЕУ, се враќаат и со тие средства живеат преостанатиот дел од годината. Многу е мал бројот на лица кои трајно се иселуваат надвор од Македонија – сè уште трае трендот да се живее во Скопје и најголемиот број лица иселени од општината заминуваат во Скопје. Во Старо Нагоричане ситуацијата е специфична, бидејќи таму младите заминуваат најчесто во Авганистан и остануваат со години, додека траат мисиите на САД. Овде мора да се спомене заедничкиот став на сите млади во сите три општини, а тоа е туризмот и можностите за вработување и самовработување поврзани со оваа дејност. Младите сметаат дека недоволно е вложено во искористување на културно-историското и природното богатство во нивните општини: не постои туристичка инфраструктура, како што се туристички бироа, сместувачки капацитети, поголеми дисконти, ресторани, ноќни барови, дискотеки, а има и недостиг на промоција преку летоци, брошури, туристичко списание, рекламни спотови, паноа; не постои угостителска понуда на домашна, традиционална и автентична храна; не постои туристичка програма и понуда во целните општини. Доколку некој млад човек работи свој сопствен бизнис, тоа е или новоотворен преку владината програма или семејна традиција.

Во однос на **спортот**, во општината Пробиштип постојат генерации на квалитетни спортисти и младите од општината. Во градот постои традиција на добри фудбалери, кошаркари, одбојкари и каратисти. Во другите две општини, спортот не е развиен како што е во општината Пробиштип.

**Културните** како и спортските манифестации и настаните во голем број се застапени во сите три целни општини, што е основа за развој на туризмот и за привлекување туристи. Туризмот е можност за развој на економијата и отворање на нови работни места, но не постојат основни услови и основна инфраструктура за развој на туризмот во моментот.

Свесноста за **здравјето** на младите, здравствената превентива и културата за здравјето се на задоволително ниво кај младите кои живеат во поголемите места, во овој случај Пробиштип. Додека во руралните населби, особено кај етничките групи, свесноста за превентивно здравство, планирање семејство е на многу ниско ниво и треба многу да се работи на оваа тема во овие области.

**Квалитетот на живот** во трите општини е на ниско ниво. Не постојат податоци од локалната самоуправа за согледување на животот на младите. Исто така не постојат форми за информирање на надлежните институции при екстремни случаи на неповолни услови за живот. Во општините Старо Нагоричане и Чашка не постои ниту едно кафуле или соодветни места за културно-социјален живот каде што би можеле младите да се дружат.

# Препораки и предлог-мерки

# Препораки и предлог-мерки

Препораките дадени од анализата се насоки за постигнување на посакуваните вредности на заедницата преку придвижување и иницирање на енергијата за пораст и развој на младите во општините. За овие процеси да дојдат до задоволително ниво потребно е, покрај систематско планирање, во почетното планирање да се постави систем на мониторинг и ева-

луација за следење на однапред дефинираните индикатори што ќе овозможи отвореност и соработка во прогресот и подобрување на состојбата на младите.

Препораките беа дефинирани според спроведените анализи во трите општини, а во согласност со Националната стратегија за млади на РМ.

Сеопфатноста на пристапот на изработка на овој документ и користената методологија дозволуваат да се дефинираат најслабите точки во градењето на локални капацитети за креирање на младинските политики на локално ниво, а со тоа да се дадат и основни препораки за нивно надминување.

Препораките се поделени според стратешките области дефинирани во Националната стратегија за млади на РМ:

## *Младинско учество*

- Формирање Совет на млади во општините и нивно поврзување со Националниот совет на Македонија;
- Присуство на млади на седниците на Советот на општината;
- Месечни средби помеѓу градоначалникот и младите;
- Разговарање за проблемите, идеите и потребите на младите, како и наоѓање решенија, преку состаноци на јавната администрација и претставници на граѓанските организации;
- Институциите треба да поработат и да ги засилат своите активности во делот на креирање политики што ќе ги вклучат младите во процесот на донесување одлуки;
- Да се креира и да се имплементира долготраен, континуиран и систематизиран процес, во селектирање идеи и предлози од младите;

- Да се организираат јавни дебата, што ќе резултира со рангирање на младински приоритети, што ќе придонесат за развој и подобрување на локалната заедница;
- Воведување стратегија за млади на локално ниво;
- Реализирање обуки за пишување проекти;
- Поголема информираност и мотивација на младите активно да учествуваат на сите нивоа во сите форми на општествениот живот.

## *Младинско информирање*

- Запознавање на младите што е тоа младинска политика и кои се нивните права и обврски во општината и заедницата и што тие можат да променат, да придонесат и да направат;
- Потреба од зголемена информираност на лицата од етничко потекло од руралната средина со работата на локалната самоуправа и правата и должностите на младите;
- Донесување на законска одредба за млади и закон за младинска работа;
- Заедничко дефинирање и наоѓање начин за редовно информирање на младите во соработка со локалната самоуправа.

## *Локална младинска работа*

- Да се организираат работилници во кои учество ќе земаат младите и вработените во локалната самоуправа;
- Формирање на младински граѓански организации;
- Поттикнување на волонтерска и доброволна работа за општината и заедницата.

## *Образование*

- Социјално интегрирање на младите преку образовниот процес (формално и неформално образование);
- Редовно информирање за можности за посетување студии во странство и информации за пристап до разни стипендии;
- Преземање мерки од надлежните институции за усогласување на образовната програма со потребните нагледни средства;
- Да се направат напори (преку надлежните институции или алтернативни извори на финансии како донатори или ЕУ-фондови) да се опремат сензорни соби за дневен престој на лицата со посебни потреби во основните училишта;
- Да се влијае врз родителите и врз заедницата преку обуки и информативни средби за важноста да се посвети поголемо внимание на децата со посебни потреби;
- Да се зголеми персоналот во градинките.

## *Вработување и поддршка пред вработување*

- Поддршка преку владината програма за почнување со сопствен бизнис;
- Создавање услови за развој на туризмот во општините;
- Да се креира угостителска понуда на домашна, традиционална и автентична храна;
- Да се креира подобра промоција на општините;
- Изработка на локални акциони планови, со цел вработување на млади луѓе согласно потребите на пазарот на трудот.

## *Култура*

- Креирање на интензивна и професионална кампања со цел привлекување туристи за настаните и културните манифестации што се организираат во општините во текот на годината;
- Подобрување на културниот и на забавниот живот во руралните средини на општините Старо Нагоричане и Чашка.

## *Спорт*

- Подобрување на инфраструктурата на спортските објекти.

## *Здравје*

- Подобра информираност за превентивното здравство во руралните средини, со особено внимание во пристапот со етничките групи;
- Теренски тимови да го посетуваат населението во руралните средини;
- Одржување на информативни сесии;
- Изработување на промотивни материјали за превентивното здравје и заштита, како и планирање на семејство.

## *Квалитет на живот*

- Теренско прибирање податоци од локалната самоуправа за согледување на животот на младите;
- Наоѓање форми за информирање на надлежните институции во екстремни случаи за неповолни услови за живот.

# Прилог 1

# Прилог 1

## СВОТ-анализи во општините Пробиштип и Старо Нагоричане

СВОТ-анализи беа спроведени во општините Пробиштип и Старо Нагоричане со сите три целни групи – млади, припадници на граѓанскиот секторот и претставници на општините, преку директни контакти и разговори со нив, со цел да се дефинираат силните и слабите страни, можностите и заканите за да се добие реална моментална слика за да се дадат горенаведените препораки и компаративната анализа. Преку нив би се реализирале препораките за усогласување на политиките на млади на локално ниво, со Националната стратегија за млади на РМ согласно потребите на секоја од целните општини.

# СВОТ-АНАЛИЗА СПРОВЕДЕНА ВО ОПШТИНА ПРОБИШТИП

## СИЛНИ СТРАНИ

- Во градинките, храната се подготвува во сопствена кујна со високи стандарди за здрава храна;
- Има доволен број на нагледни средства во градинките;
- Градинката има добра соработка со родителите и другите институции во општината со кои имаат заеднички културно-забавни активности;
- Родителите се задоволни од престојот на децата во градинките;
- Бројот на деца во градинките се зголемува;
- ООУ „Никола Карев“ има спортска сала и внатрешен базен што не се користи;
- ООУ „Браќа Миладиновци“ има спортска сала;
- СОУ „Наум Наумовски-Борче“ со спортска сала што се наоѓа во центарот на градот;
- Средни училишта: општа гимназија, спортска гимназија, рударско-геолошка насока и машински техничар;
- Во средните училишта има добро опремени кабинети за настава;
- Спортската сала во ООУ„Браќа Миладиновци“ се наоѓа во центарот на градот и се користи за настава, училиштен спорт, спортски клубови и рекреативни спортски клубови – кошарка и одбојка (женски);
- Во СОУ „Наум Наумовски-Борче“, спортската сала е изградена од Министерството за образование и се наоѓа во центарот на градот. Се користи за

настава, училиштен спорт и спортски клубови и од страна на рекреативци;

- Во состав на училиштето, постои затворен базен што не се користи редовно, поради тешкотии со затоплување на водата;
- Спортската сала „Илинден“ во Злетово се користи за настава, училиштен спорт, спортски клубови и рекреативци;
- Општина Пробиштип финансиски го поддржува спортот преку јавни повици и медиуми до спортските клубови што добиваат поддршка преку поднесување на свои програми;
- Општината организира турнир во мал фудбал, во голем фудбал, улична кошарка и одбојка;
- Настаните се посетени и од лица од околните градови;
- Најактивни се спортските клубови за фудбал, кошарка, одбојка и карате;
- Во летниот период функционира летна пливачка школа во отворен базен;
- Постојат висококвалификувани стручни кадри кои работат во разни области на спортот со млади лица;
- Општината ги мотивира успешните спортисти преку доделување на парични награди;
- Постои спортска гимназија;
- Редовно се организираат разни дополнителни активности во соработка со други општински институции;
- Техничко-технолошки факултет;
- Нови технологии и материјали;
- Техничко инженерство;
- Текстилен дизајн и менаџмент;
- Учество во добротворни активности, форуми на заедницата;
- Постојат неколку поголеми индустриски објекти што нудат можности за вработување на младите;
- Еднаш месечно граѓаните, меѓу кои и младите имаат можност за средба со градоначалникот;
- Постојат 12 активни невладини организации од кои четири се специјално за млади;

- Постои совет на млади на ниво на општина;
- Редовно се организираат форуми на млади;
- Има голема заинтересираност на младите за искористување на средствата што ги нуди државата преку грантовите за самовработување;
- Има можности за забава на младите (во општината функционираат неколку мотели, кафе барови, ресторани, дискотеки, аква-парк);
- Околу 10% од вработените во јавната администрација се млади;
- Во Советот на општината има две млади лица;
- Општината дава поддршка на сите проекти поврзани со младите.

## СЛАБИ СТРАНИ

- Бројот на децата во градинките се зголемува, а персоналот се намалува;
- Во основните училишта, со новите програми недостигаат нагледни средства, бидејќи програмата е ориентирана кон практика;
- Во основните училишта недостигаат сензорни соби за дневен престој на лицата со посебни потреби;
- Некои од децата се препуштени сами на себе, заради презафатеноста на родителите;
- Недоволна информираност за превентивно здравство кај младите, каде што причина за тоа беше наведена презафатеност;
- Недоволна општа информираност на семејства од етничко потекло од рурална средина, па и темата за правата на младите;
- На факултетот се запишуваат многу мал број студенти;
- Пробиштип има квалитетни млади луѓе со добиени награди, но заради недостиг на можности за напредок го напуштаат градот;
- Недоволна информираност за правата на младите и можноста за нивно учество во работата на општинските институции, преку организирана форма, како што е совет на млади;
- Постојат четири граѓански организации што работат со млади, но нивната информираност за можноста за соработка со општината и учество во ра-

ботата на советот речиси и не постои;

- Светот на млади нема просторија, односно канцеларија каде што би се собирале и би се реализирале активности;
- Досега се нема реализирано ниту една заедничка активност меѓу Советот на млади и Општината;
- Дури и меѓу лицата кои се дел од Советот, постои големо непознавање за можностите и правата што ги имаат;
- Меѓу сите нив владее летаргија и не постои желба за почнување иницијатива за каква било активност;
- Во општината не постои одделение, сектор или лице кое е задолжено за работа со млади;
- Недоволно познавање на дел од јавната администрација на усогласеноста на Европската со националната легислатива и нивна примена во областа на младинската политика.

## МОЖНОСТИ

- Можност за искористување на грантовите за самовработување на млади лица од државата;
- Искористување на туристичките ресурси во општината (отворање на информативен туристички центар, сместувачки капацитети);
- Можност за промоција на тениски клубови со изградба на новите тениски терени;
- Можност за развој на зимски спортови на Поникива;
- Можности за отворање на нови едукативни центри од кои би произлегле стручни кадри, како превентива за задржување на младите во општината;
- Отворање на нови работни места;
- Огромни можности за развој на рурален туризам;
- Можност за користење на домашни, меѓународни и ЕУ-фондови за развој на руралниот туризам;
- Можност за промоција и воспоставување етно-саем во општината;

- Можности за развој на параглајдерство и алтернативен туризам;
- Можности за подигање на свеста кај младата популација (преку училишниот систем) и граѓаните воопшто (преку дополнителна и неформална едукација).

## ЗАКАНИ

- Малите општини не се конкурентни на големите урбани центри за задржување на животот на младите;
- Општината стареe и покрај тоа што општината нуди можности за работа и самовработување;
- Задолжителното средно образование иницира одлив на талентирани спортисти од општината.

# СВОТ-АНАЛИЗА СПРОВЕДЕНА ВО ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ

## СИЛНИ СТРАНИ

- Претседателот на Советот на општина Старо Нагоричане е млад човек;
- Во Општина Старо Нагоричане 371 ученик вкупно посетуваат настава во основно образование;
- Во општината има три централни училишта и осум подрачни училишта;
- Во поголемиот дел од училиштата во општината има библиотеки со просечен број наслови што се движи меѓу 4.000 и 6.000;
- Во сите училишта има вода и струја (додека канализацијата е решена со септички јами);
- Застапени се дополнителни активности – драмска и литературна секција, спортски активности;
- Се одржуваат мали олимписки игри во село Старо Нагоричане - со гости од Куманово и други рурални средини;
- Неколку деца со посебни потреби и способности одат во овие училишта;
- Општината доделува стипендии за секој студент од 8.000 денари на годишно ниво;
- Младите претежно се занимаваат со земјоделство;
- Во с. Драгоманце постои и функционира интернат за деца до деветто одделение, што е единствен од овој вид во општината;
- Со поддршка на програма за прекугранична соработка реновирана е стара училишна зграда во модерно опремен тренинг-центар „Млади за млади“ со простор за сместување и исхрана на младите;
- Граѓаните понекогаш присуствуваат на седниците на Совет на општините, но тоа е многу ретко и ако имаат одредено барање до совет и се однесува на сите граѓани;
- На ниво на општина има неколку партиски сојузи на млади;

- Во општината постојат неколку невладини организации од кои две се младински организации;
- Општината е расположена и постои интерес и волја кај градоначалникот за соработка со младите;
- Досега е поддржан секој проект и секоја иницијатива, било да се однесува на млади или не.

## СЛАБИ СТРАНИ

- Морталитетот е поголем од наталитетот;
- Голем процент од младите трајно се иселуваат во потрага по работа;
- Недостига еден воспитувач за работа со децата по занимањето (втора смена) во интернатот во с. Драгоманце;
- Недостиг на сали за физичко образование (само една сала, но импровизирана и адаптирана училница во централното училиште) и физичкото образование се спроведува со импровизирана настава;
- Голем дел од младите во општината својата иднина ја гледаат во странство;
- Незаинтересираност за искористување на фондовите за млади кои ги нуди локалната и централната власт;
- Мнозинството од младите што се други во општината работат во околните градови (Куманово, Скопје);
- Не постои центар за млади лица;
- Во општината не постои место за забава на младите (ресторани, кафулиња, дискотеки), единствено место за собир е општинскиот плоштад;
- Кај членовите на граѓанските организации постои многу ниска свесност и заинтересираност за можноста за градење и имплементација на младински политики во соработка со општината;
- И да се организираат обуки за млади, младите не се заинтересирани да дојдат и да ги посетуваат, сметајќи дека тоа нема да има никакво значење во нивниот живот или дека ќе смени нешто;
- Членовите на граѓанските организации не веруваат дека преку градење на младински политики и соработка со општината може да придонесат кон по-

добрување на својата состојба – единствено најголема заинтересираност постои за вработување;
- На ниво на општина не постои одделение, сектор или назначено лице за работа со млади;
- Од страна на општината се немаат спроведени посебни активности за организирано дополнително образование – освен преку донатори и презентирање алатки на влада за самовработување и изработка на бизнис-план.

## МОЖНОСТИ

- Можности за искористување на интернатот во летниот период како камп за сместување;
- Можности за користење на домашни, меѓународни и ЕУ-фондови за социјална инклузија;
- Можност за искористување на грантовите за самовработување на млади лица од државата;
- Можност за реновирање и изградба на нови училишта (со домашна и меѓународна помош);
- Отворање на здравствена станица (со лабораторија, аптека, стоматолошка ординација и дежурна служба) во општината со можност за 24-часовна здравствени услуги на населението;
- Искористување на туристичките ресурси во општината (отворање на информативен туристички центар, сместувачки капацитети, ресторани, кафе-барови, дискотеки).

## ЗАКАНИ

- Несоодветни активни мерки за вработување во руралните средини;
- Непостоење на национална стратегија за дополнително образование на млади;
- Иселување на поголемиот дел на млади од општината;
- Несоодветна примена на стратегијата за млади на РМ во руралните подрачја.

# АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК СПРОВЕДЕН ВО ОПШТИНАТА ЧАШКА

Целта на овој прашалник беше да се добијат главните причини за пасивниот однос на младите и нивно отсуство во давање придонес во донесување одлуки и законски легислативи за подобрување на нивната состојба и нивните потреби, како и иницијативи за активно учество во тој процес и предлагање идеи за подобрување на состојбата на младите, а со тоа и подобрување на условите за живот на целата заедница.

### *1. Дали некогаш сте учествувале во процес на донесување политики за млади во вашата општина:*

| Реден бр. 1 | ПРАШАЊЕ | Да | Не |
|---|---|---|---|
| а | Совет на општината | 1 | 17 |
| б | Сојуз на млади | 1 | 17 |
| в | Форуми на заедниците | 4 | 14 |
| г | Друго | 1 | 17 |
| | **ВКУПНО:** | **7** | **65** |



## 2. Дали сметате дека сте доволно активно вклучени во одлуките на локалната власт?

| Реден бр. 2 | ПРАШАЊЕ | Одговор |
|---|---|---|
| а | Да, секогаш | 0 |
| б | Да, но само понекогаш | 5 |
| в | Многу ретко | 7 |
| г | Речиси никогаш | 6 |
| | ВКУПНО: | 18 |




## 3. Дали сте информирани за иницијативи за поддршка на млади во вашата општина и што е направено досега?

| Реден бр. 3 | ПРАШАЊЕ | Одговор |
|---|---|---|
| а | Да, секогаш | 1 |
| б | Да, но само понекогаш | 4 |
| в | Многу ретко | 10 |
| г | Речиси никогаш | 3 |
| | ВКУПНО: | 18 |



### *4. Со која од долунаведените теми сте најмалку запознаени и би сакале да учествувате на работилници:*

| Реден бр. 4 | ПРАШАЊЕ | Одговор |
|---|---|---|
| а | Запознавање на младите со нивните права во заедницата | 13 |
| б | Подобрување на културниот и на забавниот живот | 13 |
| в | Студирање во странство и информации до пристап на разни стипендии | 7 |
| г | Почнување со свој сопствен бизнис | 8 |
| д | Друго | 0 |
| | ВКУПНО: | 41 |




### *5. Дали знаете колку невладини организации на млади постојат во вашата општина и кои се?*

| Реден бр. 5 | ПРАШАЊЕ | Одговор |
|---|---|---|
| а | Не знам | 11 |
| б | Извиднички одред „Димитар Влахов“ | 3 |
| в | „Green Power“ | 3 |
| г | „Амбиенталисти“ | 3 |
| | ВКУПНО: | 20 |



### 6. Кој е вашиот став и вашиот предлог за подобрување на соработката помеѓу младите и локалната самоуправа?

- Да се организираат работилници во кои учество ќе земат младите и вработените во локалната самоуправа;
- Да се организираат средби на градоначалникот и младите барем еднаш во месецот;
- Да постои редовно информирање за сите настани поврзани со младите луѓе;
- Да се формираат нови младински граѓански организации.

### 7. Според вас, што треба да се промени, воведе или додаде во процесот на донесување политики за млади, за да дадат конкретни резултати:

- Претставниците на локалната самоуправа да работат повеќе на терен со цел да се согледа реалната состојбата на младите и како живеат тие.
- Формирање Совет на млади на Општина Чашка и негово поврзување со Националниот совет на Македонија.
- Да се креира и да се имплементира долготраен, континуиран и систематизиран процес, во селектирање идеи и предлози од младите, за да се води јавна дебата за нив, што ќе резултира со рангирање на младинските приоритети, што ќе придонесат за развој и за подобрување на локалната заедница.
- Воведување стратегија за млади на локално ниво.
- Преку состаноци на јавната администрација и претставници на младите да се разговара за проблемите, идеите и потребите на младите и наоѓање на соодветни решенија.
- Постои недостиг на законска одредба за млади, потребен е закон за младинска работа.
- Институциите треба да поработат и да ги засилат своите активности во делот на креирање политики што ќе ги вклучат младите во процесот на донесување одлуки.

# Прилог 2

# Прилог 2

## Профили на целните општини со статистички податоци

Расположливоста со точни, веродостојни и навремени статистики податоци е од суштинско значење за добивање на јасна слика за економијата и за социодемографските трендови во земјата. Официјалните статистики обезбедуваат неопходен елемент во информатичкиот систем на едно демократско општество, услужувајќи ги владата, економијата и

јавноста со податоци за економската, демографската, општествената состојба и состојбата со животната средина. За таа цел, официјалните статистики што ќе го поминат тестот за практичност ќе се прибираат и ќе бидат непристрасно достапни од страна на официјалните статистички агенции во полза на правото на граѓаните на јавни информации.

За да се задржи довербата во официјалната статистика, статистичките агенции треба да одлучуваат во согласност со стриктно професионални размислувања, вклучувајќи и научни принципи и професионална етика, за методите и процедурите за прибирање, обработка, складирање и презентирање на статистичките податоци.

За да се олесни точната интерпретација на податоците, статистичките агенции треба да ги презентираат информациите во согласност со научните стандарди за изворите, методите и процедурите на статистиките. Податоци за статистички цели можат да се земаат од сите видови извори, без разлика дали се статистички истражувања или административни извори. Статистичките агенции треба да го изберат изворот, земајќи ги предвид квалитетот, навременоста, трошоците и оптовареноста на давателите на податоци.

Индивидуалните податоци прибрани од статистичките агенции за статистички збирки, без разлика дали се однесуваат на физички или на правни лица, треба да бидат стриктно доверливи и да се користат само за статистички цели. Законите, регулативите и мерките според кои работат статистичките системи треба да бидат јавни.

Координацијата помеѓу статистичките агенции во земјите е важна за да се постигне доследност и ефикасност во статистичкиот систем. Користењето на меѓународни концепти, класификации и методи од страна на статистичките агенции во секоја земја ги промовира доследноста и ефи-

касноста на статистичките системи на сите официјални нивоа. Билатералната и мултилатералната соработка во статистиката придонесуваат за подобрување на системите на официјалната статистика во сите земји. Сето горенаведено го оправдува присуството на актуелните релевантни статистички податоци на целните општини, што ги покажуваат, презентираат и укажуваат на квантитативните информации што се однесуваат на младите, нивното образование, ангажираност и вработеност.

За целосен, функционален пазар на труд, а кој во целост зависи од статистички податоци, што би давал препораки и самиот би почувал иницијативи за усогласување на понудата и побарувачката на работната сила. Но, за која било идна иницијатива во однос на законска легислатива, вработеност или подготовка на проекти, податоците од овој документ се релевантни и официјални и во секој момент може да се повика на нив.

# ПРОФИЛ НА ОПШТИНАТА ПРОБИШТИП

Општината Пробиштип, со своите екстремно богати наоѓалишта на минерали и многубројни рудници, била позната уште во периодот на илирското племе Пеони, сè до доаѓањето на Римјаните во 168 г. пр.н.е. Првото споменување на населбата под сегашното име се јавува во 14 век, кога населбата е дадена во рамките на српската средновековна држава. Сепак, со векови била село, без поголемо значење, во сенка на околните места. На почетокот на 20 век, селото брои нешто повеќе од 200 жители, сите православни Словени. Подемот на рудникот „Злетово“ и рударско-преработувачката индустрија по Втората светска војна и фабриката за акумулатори и батерии, придонесуваат за економски пораст и развој на градот и регионот. Во 2004 година на општината ѝ беше присоединета општината Злетово, што впрочем беше дел од Општина Пробиштип до 1996 година. Времето што следува ја води Општина Пробиштип кон урбанизирана рударска населба што полека, но сигурно, прераснува во мал, но модерен и современ град, со целосно функционално поставена инфраструктура и значајна економска моќ и стопански развој. Пробиштип во својот максимален дострел, во времето на севкупната експанзија и големите успеси, овозможи како град и општина да биде најбогат во Македонија, а главен носител на успешниот стопански развој беа рудниците „Злетово“ и фабриката за акумулатори „Злетово“. Средината на осумдесеттите години, за жал, беше периодот кога се појавија првите почетоци на криза во работењето, раководењето и производните постигнувања во рудниците „Злетово“, а неколку години потоа и во Фабриката за акумулатори. Сеопштата криза во општината Пробиштип кулминираше во периодот на транзиција, времето на себенаоѓањето и опстојувањето на

Република Македонија како самостојна и независна држава, период на премин од социјализам кон пазарна економија, криза што му се закани на Пробиштип и на неговото понатамошно опстојување како град и општина. Но, дури ни распаѓањето на Југославија и речиси целосно уништување на економијата не го уништија градот. Полека, но сигурно, преориентирајќи се кон други стопански дејности, градот опстана. Најголема последица од кризата е отселувањето на населението, особено на младите лица во потрага по работа. Сепак, денес Општина Пробиштип е модерна заедница, успешно приспособена на времето во кое живееме и создава квалитетни услови за сите жители на општината.

# СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНАТА ПРОБИШТИП

Бројот на населението според пописот од 2002 година.
На територија на Општина Пробиштип, според податоците од Заводот за статистика, живеат вкупно 16.193 жители, од кои мажи се 8.248 и жени се 7.945.

*Табела бр. 1*
Полова структура на населението [2]

| | Број |
|---|---|
| Мажи | 8.248 |
| Жени | 7.945 |
| **Вкупно** | **16.193** |






[2] Извор (Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002, книга XIII) Државен завод за статистика.

## *Табела бр. 2*

Вкупно население според петгодишни групи на возраст [3]

| Вкупно | Возрасни групи | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0-4 | 5-9 | 10-14 | 15-19 | 20-24 | 25-29 | 30-34 | 35-39 | 40-44 |
| **16.193** | 705 | 908 | 1.149 | 1.306 | 1.209 | 1.127 | 1.079 | 1.229 | 1.400 |

| Возрасни групи | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 45-49 | 50-54 | 55-59 | 60-64 | 65-69 | 70-74 | 75-79 | 80-84 | 85+ | Непозната возраст |
| 1.397 | 1.206 | 837 | 713 | 725 | 538 | 380 | 183 | 98 | 4 |

## *Табела бр. 3*

Население во општина Пробиштип според петгодишни групи на возраст и пол 31.12.2013 [4]

| | Вкупно | Возрасни групи | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 0-4 | 5-9 | 10-14 | 15-19 | 20-24 | 25-29 | 30-34 | 35-39 | 40-44 |
| **Мажи** | **7.853** | 327 | 333 | 334 | 425 | 579 | 616 | 608 | 546 | 548 |
| **Жени** | **7.553** | 325 | 320 | 351 | 411 | 539 | 509 | 520 | 488 | 499 |

| | Возрасни групи | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 45-49 | 50-54 | 55-59 | 60-64 | 65-69 | 70-74 | 75-79 | 80-84 | 85+ | Непозната возраст |
| **Мажи** | 607 | 690 | 695 | 570 | 373 | 269 | 199 | 104 | 30 | - |
| **Жени** | 524 | 652 | 622 | 588 | 382 | 326 | 241 | 172 | 84 | - |

[3] Ибид.
[4] Извор [Процени на населението на 31.12.2013 година според полот и возраста, по општини и по статистички региони (НТЕС 3 – 2007) (територијална организација од 2004 година)].

*Табела бр. 4*

Население во Пробиштип на возраст од 10 и повеќе години, по пол и писменост [5]

| Вкупно | | Мажи | | Жени | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Писмени** | **Неписмени** | Писмени | Неписмени | Писмени | Неписмени |
| **13.971** | **609** | 7.322 | 113 | 6.649 | 496 |






[5] Извор (Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002, книга XIII) Државен завод за статистика.

*Табела бр. 5*

Преглед на невработени лица во Пробиштип според степен на образование/вкупно и жени (состојба до 30.04.2015) [6]

| Состојба | 31.01.2015 | 28.02.2015 | 31.03.2015 | 30.04.2015 |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 1.528 | 1.536 | 1.530 | 1.546 |
| Жени | **635** | **637** | **642** | **655** |
| Без образование и со основно образование | 449 | 453 | 454 | 459 |
| | 163 | 162 | 167 | 172 |
| Непотполно средно образование | 263 | 256 | 258 | 255 |
| | 52 | 50 | 49 | 49 |
| Завршено средно образование | 566 | 577 | 576 | 592 |
| | 269 | 275 | 278 | 287 |
| Више образование | 38 | 40 | 37 | 36 |
| | 14 | 15 | 14 | 14 |
| Високо образование | 209 | 206 | 201 | 200 |
| | 135 | 133 | 132 | 131 |
| Магистри на науки | 3 | 4 | 4 | 4 |
| | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Доктори на науки | 0 | 0 | 0 | 0 |




[6] Извор (Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002, книга XIII) Државен завод за статистика.

*Табела бр. 6*

Миграции во Општина Пробиштип [7]

| Година | Доселени | Отселени |
|---|---|---|
| 2013 | 34 | 79 |
| 2012 | 75 | 114 |
| 2011 | 60 | 119 |






[7] Извор (Миграции, 2013, 2012, 2011) Државен завод за статистика, Република Македонија.

*Табела бр. 7*
Вработени по возраст во Пробиштип [8]

| Возраст | Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 15-24 | 4 | 3 | **7** |
| 25 - 50 | 109 | 157 | 266 |
| 51-64 | 9 | 6 | **15** |
| Над 65 | 0 | 0 | **0** |




[8] Извор (Попис на продажни капацитети во трговијата на мало во Република Македонија, 2008) Државен завод за статистика.

*Табела бр. 8*

Запишани студенти на додипломски студии според местото (Општина Пробиштип) на постојано живеење, видовите школи и начин на студирање [9]

| Година | 2012/2013 | 2013/2014 |
|---|---|---|
| Вкупно | 555 | 479 |
| Редовни | 520 | 442 |
| **Високи стручни школи вкупно** | 2 | 3 |
| Редовни | 2 | 3 |
| **Факултети вкупно** | 553 | 476 |
| Редовни | 518 | 439 |
| Година | 2010/2011 | 2011/2012 |
| Вкупно | 608 | 603 |
| Редовни | 554 | 553 |
| **Високи стручни школи вкупно** | 18 | 19 |
| Редовни | 14 | 16 |
| **Прв степен вкупно** | 1 | 1 |
| Редовни | 1 | 1 |
| **Факултети вкупно** | 589 | 583 |
| Редовни | 539 | 536 |



[9] Извор (Запишани студенти на додипломски студии) Државен завод за статистика, Република Македонија.

*Табела бр. 9*

Дипломирани студенти, Општина Пробиштип (според местото на постојано живеење, видот на високообразовната установа и начинот на студирање) [10]

| Година | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **77** | **88** | **380** | **83** |
| Редовни | 72 | 81 | 321 | 76 |
| **Високи стручни школи вкупно** | 1 | 1 | 25 | 3 |
| Редовни | 1 | 1 | 14 | 3 |
| **Факултети студии за стручно образование (поранешен 6/1) вкупно** | - | 1 | 3 | 3 |
| Редовни | - | 1 | - | 3 |
| **Факултети професионални студии вкупно** | 1 | 8 | 25 | 1 |
| Редовни | 1 | 8 | 24 | 1 |
| **Факултети вкупно** | 75 | 78 | 327 | 76 |
| Редовни | 70 | 71 | 283 | 69 |

[10] Извор (Дипломирани студенти, 2011, 2010, 2009, 2008) Државен завод за статистика, Република Македонија.

# ПРОФИЛ НА ОПШТИНАТА СТАРО НАГОРИЧАНЕ

Историјата на општината Старо Нагоричане може да се следи од раното бронзено време, вториот милениум пр.н.е. со мегалитската опсерваторија Кокино, која е една од првите четири опсерватории во светот. Таа е поставена на врвот „Татиќев камен“, а името го добила по најблиското село Кокино. Мегалитската опсерваторија се наоѓа на неовулкански рид. Карпите се создадени со стврднувањето на лавата, што истекла од вулкански кратер. Времето и ерозијата направиле процепи и дел од тие процепи биле главните маркери низ кои се следеле циклусите на сонцето и месечината и се мерело времето. Камените маркери во минатото ги означувале местата за изгревање на сонцето и месечината во периодите на краткодневица, рамноденица и долгодневица, како и нивните отклони. Мегалитната опсерваторија во Кокино се вбројува меѓу највредните стари опсерватории во светот.

Подоцна, историјата на денешната општина е поврзана со поголемата населба Куманово. Патеписните забелешки на Евлија Челебија од 1660 година велат дека населбата имала околу 600 куќи, џамија, медреса, хан, хамам и одреден број дуќани и како сообраќаен крстопат имала економска важност, каде што трговијата била значително развиена, со што успева да ги надмине конкурентните центри Табановце, Нагоричане, Стрезовце и Клечовце.

Таквиот стопански пораст на регионот бил прекинат со австрискиот поход на Балканскиот Полуостров. Населбите не исчезнуваат, но бројот на жителите значително опаѓа со што стагнира целиот регион. Во текот на 18 и

19 век, селата од денешната општина Старо Нагоричане гравитираат кон Куманово, што се одвојува од другите населби како поголем градски, административен и трговски центар.

Општина Старо Нагоричане се наоѓа во североисточна Македонија, граничи со Република Србија и се простира на територија од 451 km2 во којашто постојано живеат 4.840 жители во 39 населени места. Денес, најголемиот дел од населението припаѓа на српската националност.
Богатата историја на овој регион и на опкружувањето, на територијата на општината се наоѓаат голем број историски и културни знаменитости, што датираат од предисториско време до денес и претставуваат извонредно културно и историско наследство за развој на туризмот.

## СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНАТА СТАРО НАГОРИЧАНЕ

***Табела бр. 10***
Полова структура на населението[11]

| Полова структура | Бр. |
|---|---|
| Мажи | 2.569 |
| Жени | 2.271 |
| **Вкупно** | **4.840** |

[11] Извор (Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002, книга XIII) Државен завод за статистика.

## *Табела бр. 11*

Вкупно население според петгодишни групи на возраст [12]

| Вкупно | Возрасни групи | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0-4 | 5-9 | 10-14 | 15-19 | 20-24 | 25-29 | 30-34 | 35-39 | 40-44 |
| 4.840 | 255 | 256 | 255 | 57 | 254 | 293 | 287 | 242 | 256 |

| Возрасни групи | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 45-49 | 50-54 | 55-59 | 60-64 | 65-69 | 70-74 | 75-79 | 80-84 | 85+ | Непозната возраст |
| 236 | 260 | 257 | 373 | 453 | 429 | 275 | 133 | 47 | 22 |

## *Табела бр. 12*

Население во Општина Старо Нагоричане според петгодишни групи на возраст и пол, 31.12.2013 [13]

| | Вкупно | Возрасни групи | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 0-4 | 5-9 | 10-14 | 15-19 | 20-24 | 25-29 | 30-34 | 35-39 | 40-44 |
| Мажи | 2.569 | 136 | 125 | 128 | 124 | 143 | 182 | 188 | 156 | 160 |
| Жени | 2.271 | 119 | 131 | 127 | 133 | 111 | 111 | 99 | 86 | 96 |

| | Возрасни групи | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 45-49 | 50-54 | 55-59 | 60-64 | 65-69 | 70-74 | 75-79 | 80-84 | 85+ | Непозната возраст |
| Мажи | 130 | 139 | 127 | 167 | 236 | 201 | 126 | 72 | 24 | 5 |
| Жени | 106 | 121 | 130 | 206 | 217 | 228 | 149 | 61 | 23 | 17 |



[12] Ибид.
[13] Извор [Процени на населението на 31.12.2013 според полот и возраста, по општини и по статистички региони (НТЕС 3 – 2007) (територијална организација од 2004 година)].

*Табела бр. 13*

Население во Старо Нагоричане на возраст од 10 и повеќе години по пол и писменост [14]

| Се | | Мажи | | Жени | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Писмени** | **Неписмени** | Писмени | Неписмени | Писмени | Неписмени |
| **3.780** | **549** | 2.188 | 120 | 1.592 | 429 |




[14] Извор (Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002, книга XIII) Државен завод за статистика.

*Табела бр. 14*

Преглед на невработени лица, Старо Нагоричане според степен на образование/вкупно и жени (состојба со 30.04.2015) [15]

| Степен на образование | Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| НКВ | 365 | 134 | 499 |
| ПКВ И НСО | 24 | 7 | 31 |
| КВ | 68 | 26 | 94 |
| ССО | 55 | 45 | 100 |
| ВИША СО | 1 | 0 | 1 |
| ВИС | 1 | 1 | 2 |
| **ВКУПНО** | **514** | **213** | **727** |






[15] Извор (Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002, книга XIII) Државен завод за статистика.

# ПРОФИЛ НА ОПШТИНАТА ЧАШКА

Општината Чашка се наоѓа во централниот дел на Република Македонија. Зафаќа површина од 825 км2 и се вбројува во една од поголемите општини во Македонија. Општината е рурална.

Според последните податоци од Заводот за статистика на територијата на општината живеат вкупно 7.673 жители во 42 населени места. Густината на населеност е шест жители на квадратен километар. Општина Чашка има добра географска положба. Ги поседува најубавите и атрактивни предели на планините Јакупица, Даутица и Бабуна на запад, Клепа на исток, Караџица и Голешница на северозапад. На територијата на општината е и највисокиот врв на Јакупица, Солунска Глава (2.539 метри). Целата атрактивност на пределот го дополнуваат и реките Бабуна и Тополка. По течението на овие реки се простира алувијална рамнина настаната како резултат на наносите на реките, што е многу плодна. Покрај реките Бабуна и Тополка, како природен ресурс е и новоизградената брана Лисиче.

Денес, населба Чашка добива современ градски изглед. Покрај уредениот плоштад и поплочувањето на улиците, се планираат и други партерни уредувања, изградба на спортско-рекреативен центар, детски забавен центар и други зафати, сè со цел да се подигне квалитетот на живеење, во согласност со барањата и потребите на современите животни стандарди. Во 2001 година осветена е црквата „Свети Климент Охридски“, што е гордост на сите граѓани на населбата Чашка. Локалните власти, со активности, се движат во насока на понатамошен развој и создавање услови со кои населбата ќе стане атрактивно место за живеење.

# СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНАТА ЧАШКА

Бројот на населението според пописот од 2002 година. Според податоците од Заводот за статистика, на територија на општината живеат вкупно 7.673 жители, од кои мажи се 4.017 и жени се 3.656.

*Табела бр. 15*

Вкупно население, домаќинства и станови во Чашка [16]

| Вкупно население | Мажи | Жени |
|---|---|---|
| 7.673 | 4.017 | 4.017 |






[16] Извор (Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002, книга XIII) Државен завод за статистика.

# Структура на населението според националната припадност

## *Табела бр. 16*

Вкупно население според изјаснувањето за националната припадност[17]

| Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7.673 | 4.395 | 2.703 | 391 | - | 1 | 55 | 67 | 61 |

## *Табела бр. 17*

Население во Општина Чашка според петгодишни групи на возраст и пол 31.12.2013[18]

| | Вкупно | Возрасни групи | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 0-4 | 5-9 | 10-14 | 15-19 | 20-24 | 25-29 | 30-34 | 35-39 | 40-44 |
| **Мажи** | **4.192** | 409 | 315 | 320 | 352 | 348 | 319 | 337 | 281 | 292 |
| **Жени** | **3.731** | 388 | 299 | 267 | 311 | 282 | 282 | 270 | 229 | 199 |

| | Возрасни групи | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 45-49 | 50-54 | 55-59 | 60-64 | 65-69 | 70-74 | 75-79 | 80-84 | 85+ | Непозната возраст |
| **Мажи** | 262 | 217 | 197 | 147 | 115 | 115 | 82 | 60 | 24 | - |
| **Жени** | 194 | 180 | 184 | 162 | 137 | 117 | 126 | 64 | 40 | - |

[17] Извор (Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002, книга XIII) Државен завод за статистика.
[18] Ибид.

# Структура на популацијата според школската подготвеност

*Табела бр. 18*

Население во Чашка на возраст од 15 и повеќе години, според школската подготовка [19]

| Школската подготовка на население на возраст над 15 год. | Бр. на население |
|---|---|
| Без училиште | 511 |
| Некомплетно основно образование | 2.583 |
| Основно училиште | 1.730 |
| Средно училиште | 835 |
| Виша школа | 45 |
| Висока школа, факултет, академија | 24 |
| Магистратура | 0 |
| Докторат | 0 |
| Сè уште во процесот на основно образование | 10 |
| **Вкупно** | 5.738 |






[19] Извор (Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002, книга XIII) Државен завод за статистика.

# Невработени лица во општината Чашка

*Табела бр. 19*

Преглед на невработени лица, Чашка според степен на образование/ вкупно и жени (состојба декември 2012, 2013, 2014, 2015)[20]

| Состојба | 12.2015 | 12.2014 | 12.2013 | 12.2012 |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **427** | **424** | **105** | **1.261** |
| **жени** | **101** | **86** | **33** | **435** |
| НКВ | 281 | 299 | 23 | 897 |
| ПКВ | 20 | 20 | 11 | 71 |
| КВ | 39 | 31 | 16 | 107 |
| ВКВ | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ССО | 81 | 71 | 49 | 177 |
| ВШО | 0 | 0 | 0 | 1 |
| ВСО | 5 | 3 | 5 | 8 |
| Магистри | 1 | 0 | 1 | 0 |
| Доктори на наука | 0 | 0 | 0 | 0 |




[20] Извор (Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002, книга XIII) Државен завод за статистика.

*Табела бр. 20*

Преглед на невработени лица според време на чекање и пол (состојба 31.12.2012, 31.12.2013, 31.12.2014, 31.12.2015)[21]

| Состојба | | 31.12.2015 | 31.12.2014 | 31.12.2013 | 31.12.2012 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **се** | **427** | **424** | **105** | **1.261** |
| | **жени** | **101** | **86** | **33** | **435** |
| Под 1 месец | се | 70 | 99 | 46 | 11 |
| | жени | 28 | 23 | 14 | 1 |
| Од 1 до 5 месеци | се | 86 | 236 | 19 | 58 |
| | жени | 18 | 45 | 10 | 17 |
| Од 6 до 11 месеци | се | 68 | 45 | 9 | 57 |
| | жени | 18 | 5 | 2 | 22 |
| Од 12 до 17 месеци | се | 159 | 13 | 2 | 74 |
| | жени | 31 | 5 | 0 | 23 |
| Од 18 до 23 месеци | се | 22 | 5 | 2 | 63 |
| | жени | 1 | 1 | 1 | 24 |
| 2 години | се | 8 | 4 | 8 | 88 |
| | жени | 3 | 1 | 1 | 30 |
| 3 години | се | 2 | 6 | 1 | 120 |
| | жени | 1 | 1 | 0 | 45 |
| 4 години | се | 4 | 1 | 3 | 77 |
| | жени | 0 | 0 | 1 | 22 |
| Од 5 до 7 години | се | 1 | 4 | 6 | 232 |
| | жени | 0 | 2 | 2 | 66 |
| 8 години и повеќе | се | 7 | 11 | 9 | 481 |
| | жени | 1 | 3 | 2 | 185 |



[21] Извор (Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002, книга XIII) Државен завод за статистика.

### *Табела бр. 21*

Запишани студенти на додипломски студии според местото (Општина Чашка) на постојано живеење, групите на школи и начин на студирање[22]

| Година | 2007/2008 | 2008/2009 | 2009/2010 | 2011/2012 | 2012/2013 | 2013/2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | **51** | **46** | **41** | **54** | **42** | **71** |
| Редовни | 48 | 41 | 36 | 48 | 37 | 63 |
| Високи стучни школи вкупно | 2 | 3 | 2 | - | - | 1 |
| Редовни | 1 | 3 | 1 | - | - | 1 |
| Прв степен Вкупно | - | - | - | - | - | - |
| Редовни | - | - | - | - | - | - |
| Тригодишни студии вкупно | 1 | 3 | - | - | - | - |
| Редовни | 1 | 3 | - | - | - | - |
| Факултети Вкупно | 48 | 40 | 39 | 54 | 42 | 70 |
| Редовни | 46 | 35 | 35 | 48 | 37 | 62 |

### *Табела бр. 22*

Дипломирани студенти според местото (Општина Чашка) на постојано живеење [23]

| Година | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | **6** | **3** | **4** | **6** | **5** | **3** |
| Редовни | 4 | 3 | 4 | 6 | 4 | 3 |
| Високи стучни школи Вкупно | 1 | - | 2 | - | - | - |
| Редовни | - | - | 2 | - | - | - |
| Факултети професионални студии Вкупно | - | - | 1 | 1 | - | - |
| Редовни | - | - | 1 | 1 | - | - |
| Факултети Вкупно | 5 | 3 | 1 | 5 | 5 | 3 |
| Редовни | 4 | 3 | 1 | 5 | 4 | 3 |

[22] Извор (Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002, книга XIII) Државен завод за статистика.
[23] Извор (Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002, книга XIII) Државен завод за статистика.

# Користена литература

# Користена литература


- Национална стратегија за млади
- Акционен план за имплементација на Националната стратегија за млади
- Национална стратегија за образование на Република Македонија и Акциони планови за имплементација на стратегијата
- Стратегија за намалување на бројот на невработени 2006-2010

- Програма за работа на Владата на РМ 2006-2010
- Национална стратегија за вработување 2006-2010
- Национален акционен план за вработување 2006-2010
- Оперативен план за активни програми и мерки за вработување 2008
- Повеќегодишна оперативна програма за развој на човечки ресурси 2007-2013 (ИПА ком Анализа на потребите од вештини на пазарот на трудот во Република Македонија 2007 година)
- Чудесна Македонија, Младинска книга Скопје, 2012, за издавачот Радош Јовановиќ
- Герасимовска, Дафина, Улогата на живеалиштето во културата на живеење низ антиката во Р. Македонија, Скопје, 2009
- Денешните села и население во долниот слив на Брегалница, ЗШНМ 3, Штип, 1964
- Национална стратегија за развој на мали и средни претпријатија на Република Македонија (2002-2013)
- Стратешки план на Министерството за труд и социјална политика 2012-2014, 2011, Скопје
- Национална стратегија за вработување на Република Македонија 2015, август 2011, Скопје

- Национална програма за усвојување на правото на ЕУ, април 2007, Скопје
- Стратегија за економски развој на Република Македонија 2008-2015, февруари 2008, Скопје
- Национална стратегија за развој на туризмот на Република Македонија 2009-2013 и нејзината ревидирана стратегија со акциски план 2011-2015
- Национална стратегија за рурален туризам 2012-2017
- Стратешки план на Министерството за труд и социјална политика 2012-2014, 2011, Скопје
- Национална стратегија за вработување на Република Македонија 2015, август 2011, Скопје
- Национален акционен план за вработување на Република Македонија 2011-2013, август 2011, Скопје
- Оперативен план за активните програми и мерки за вработување за 2012-2013, декември 2011, Скопје
- Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020
- Стратегија за демографски развој на Република Македонија 2008-2015, февруари 2008, Скопје

- Програма за развој на источен плански регион, 2015-2019
- Стратегија за промовирање и развој на волонтерството 2010-2015 и план за спроведување (акциски план), септември 2012, Скопје
- Стратешки план на Министерство за образование и наука 2012-2014, март 2012, Скопје
- Националната стратегија за развој на образованието 2005-2015, Скопје
- Национална програма за развој на образованието 2005-2015 со придружни програмски документи
- Програма за развој на предучилишното образование
- Програма за развој на средното и на постсредното образование
- Програма за развој на високото образование
- Програма за развој на ИКТ во образованието
- Програма за професионален развој на училишниот кадар
- Програма за развој на институционалната поддршка на реформите во образованието
- Програма за обезбедување и контрола на квалитетот во образованието
- Европско јазично портфолио

- Национален акционен план за родова еднаквост 2007-2012 Програма за самовработување на 250 млади лица
- Програма за поддршка за формализирање на постојни бизниси
- Програма за подготовка за вработување
- Стратегијата за здравје на млади
- Стратегијата за контрола на тутун, алкохол, ментално здравје, ХИВ/СИДА, семејно насилство итн.
- Националната стратегија за превенција на семејно насилство и Акциониот план за нејзина имплементација

# Листа на кратенки

# Листа на кратенки

ГУП - Генерален урбанистички план
ДУП - Детален урбанистички план
УПС - Урбанистички план за село
ЕУ - Европска унија
ЛЕР - Локален економски развој
МЗ - Месна заедница
МВ - Место викано
МЗШВ - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
МТСП - Министерство за труд и социјална политика
МЛС - Министерство за локална самоуправа
МРЦ - Милениумски развојни цели
УСАИД - Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави
ИПА - Инструмент за претпристапна помош
ИПАРД - Инструмент за претпристапна помош на земјоделството и руралниот развој
МСП - Мали и средни претпријатија
ЦОУ - Централно основно училиште
ПОУ - Подрачно основно училиште
СВОТ - SWOT (Strengths, Weaknesses, Opportunities and Threats)
ЗКДФ - Земјоделскиот кредитен дисконтен фонд
ЈКП - Јавно комунално претпријатие
УЈП - Управа за јавни приходи
ЦРРМ - Централен регистар на Република Македонија
ЛАГ - Локална акциона група
ЛЕАП - Локален еколошки акционен план

**Проект:**

Градење на локални капацитети за креирање на младински политики

**Контакт:**

Фондација Евро Центар
Ул. Плоштад Илинден бр.34, 2220 Свети Николе
www.evrocentar.mk, deas@evrocentar.mk
032 440 910

**Проектот е финансиран од Европската унија**

**Имплементиран од:**

Фондација за Претприемачки сервис за млади - www.yes.org.mk

Фондација Евро Центар - www.evrocentar.mk

Оваа публикација е подготвена со поддршка на Европската унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Фондација Евро Центар и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите на Европската унија.